ЗАЕДНО ЗА
КЛИМАТСКА
АКЦИЈА



Документ за Јавни Политики

# Пристапот до правда на засегнатата јавност во постапките за издавање дозволи за усогласување со оперативни планови

Скопје, 2024

Еко свест

МЗМП

CNVP
Building a Greener Economic Environment

Документ за Јавни Политики

# Пристапот до правда на засегнатата јавност во постапките за издавање дозволи за усогласување со оперативни планови

**Издавач**

Македонско здружение на млади правници

**Проект**

Граѓанските организации во акција за климатските промени

**Спроведувачи**

Проектот го спроведува Центарот за истражување и информирање на животната средина „Еко-свест“ во соработка со Македонското здружение на млади правници-МЗМП и Организацијата за поврзување на природни вредности и луѓе – ЦНВП

**Автор**

Бојана Божиновска Силјановска

**Уредник**

Бојан Трпевски

**Лектура**

Елеонора Стојкоска-Попетревска

**Дизајн**

Харис Муриќ

**Скопје, 2024**

Sweden Sverige

Оваа анализа е подготвена во рамките на проектот „Граѓанските организации во акција за климата“, поддржан од Шведската меѓународна агенција за развојна соработка – СИДА. Изразените ставови и мислења се на авторите на оваа анализа и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на донаторот и на владата на Шведска.

# СОДРЖИНА

1
Листа на кратенки

2
Вовед

3
Методологија

4
Издавање на интегрирани еколошки дозволи и учество на јавноста

6
Дозвола за усогласување со оперативен план

8
ДУОП и пристапот до правда

11
Заклучоци и Препораки

12
Користена Литература

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| ДУОП | Дозвола за усогласување со оперативен план |
| ЗЖС | Закон за животната средина |
| ИЕД | Интегрирана еколошка дозвола |
| РСМ | Република Северна Македонија |

# ВОВЕД

Урбаното и регионалното загадување со тешки метали во последниве години е предмет на многу студии. Тоа претставува глобален проблем инициран од голем број светски технолошки процеси, како и од човечката експлоатација на природните ресурси. Четири типа на процеси влијаат на нивото на загаденост на воздухот: емисијата, индустријата, транспортот и депонирањето. Загадувањето на урбаните средини со тешки метали, главно, се јавува во индустриски региони и во области со големи населени места каде што индустријата, сообраќајот и комуналниот отпад се најзначајни извори на тешки метали. Нивото на загадувањето на животната средина ќе зависи од соодветна контрола на антропогените активности, како и од екстракција, концентрација и сепарација на отпадот на отворено.[1]

За вршење на активностите на инудустриските инсталации, операторите мора да добијат соодветна дозвола за тоа. Законот за животната средина (ЗЖС) предвидува Интегрирани еклолошки дозволи (ИЕД), со кои се врши соодветно регулирање на капацитетот на работа на индустриските инсталации, но и последователно мониторирање, контролирање и санкционирање од страна на државата. Од друга страна, за операторите на инсталациите кои согласно ЗЖС се дефинирани како постојни, односно кои почнале со работа пред 1.7.2007 година е предвидено да обезбедат Дозвола за усогласување со оперативен план (ДУОП), како услов за продолжување, односно започнување со работа на инсталацијата, до исполнување на условите за добивање интегрирана еколошка дозвола (ИЕД). Со ова законодавецот на некој начин предвидел транзициски период за едни од најголемите постојни индустриски оператори, меѓу кои рударско-енергетските електрани, подружници на ЕСМ за кои е предвидено да работат со А-интегрирана еколошка дозвола.

Иако роковите за реализација на оперативните планови законски се одамна изминати, сепак, инсталациите се сè уште во фукција до нивно комплетно запирање и санирање согласно Инвестицискиот план за забрзана транзиција од јаглен на Република Северна Македонија (РСМ)[2].

Во меѓувреме, постапките за издавање на ДУОП, како и самиот оперативен план кој е составен дел од дозволата, се од голема важност заради соодветно функционирање и причинување на најмала можна штета на животната средина согласно начелото на претазливост.[3] Додека вклучувањето на јавноста во постапките и овозможување пристап до правда е од витална важност, земајќи ги предвид начелото на учеството на јавноста и пристап до информации[4] и правото на пристап до правда опишани како во националното законодавство, така и во Архуската конвенција[5] чиј потписник е РСМ.

1 Трајче Стафилов, јули 2016, Извештај од извршеното истражување за загадувањето со тешки метали и радиоактивноста предизвикани од РЕК Битола спроведено преку примероци од почва, мов и пепел од подрачјето околу РЕК Битола, Еко-Свест, Скопје

2 Инвестициски план за забрзана транзиција од јаглен на Република Северна Македонија

3 Закон за животна средина, „Службен весник на РМ" 53/2005, ... и „Службен весник на РСМ" 89/2022 и 171/2022, член 14

4 Закон за животна средина, „Службен весник на РМ" 53/2005, ... и „Службен весник на РСМ" 89/2022 и 171/2022, член 17

5 Конвенција за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правдата за прашањата поврзани со животната средина

# МЕТОДОЛОГИЈА

Документот има цел да направи кратка анализа на неправилно спроведување на постапката за издавање на ДУОП и пристапот до правда на засегнатата јавност, вклучувајќи ги и еколошките невладини организации во овие постапки. Земајќи го предвид „привремениот" карактер на ДУОП, документот има цел да укаже на типот на круцијални недостатоци што настануваат при водење постапки што се важни и поврзани со животната средина и да поттикне проактивност и вклучување на невладините организации при тестирање на системот и проактивно учество во постапките. При изработка на документот за анализа беа користени повеќе закони и меѓународни документи, издадени документи за јавни политики и извештаи, како и информации добиени преку слободен пристап до информации од јавен карактер.

Документот „Пристапот до правда на засегнатата јавност во постапките за издавање дозволи за усогласување со оперативни планови" е изработен во рамките на проектот „Граѓанските организации во акција за климатските промени". Документот се третира како правна анализа на одредени предизвици и производ за застапување на ставови, наменети за користење на Граѓанските организации (ГО) од Коалицијата за клима и пошироко.

# ИЗДАВАЊЕ ИНТЕГРИРАНИ ЕКОЛОШКИ ДОЗВОЛИ И УЧЕСТВО НА ЈАВНОСТА

Активностите на новите инсталации или значителните промени на постојните можат да се вршат само по претходно добиена ИЕД[6]. На пример, А-интегрирана еколошка дозвола се издава за рафинерии за минерална нафта и гас; инсталации за согорување на комуналниот отпад, со капацитет над 3 t/h; инсталации за депонирање неопасен отпад со капацитет над 50 t/ден; инсталации за согорување на животински трупови итн. Барањето за добивање А-интегрирана еколошка дозвола се доставува до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Министерството за животна средина и просторно планирање е должно, врз основа на нивно писмено барање, да го стави на располагање барањето на здруженијата на граѓани основани заради заштита и унапредување на животната средина. Министерството за животна средина и просторно планирање е должно да ѝ обезбеди на јавноста пристап до достапните информации потребни за оформување на мислењата и на ставовите. Градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје можат да организираат јавна расправа во врска со барањето, согласно членот 103 од ЗЖС. Во рок од 30 дена од објавувањето на барањето, јавноста може да ги достави своите мислења и ставови во писмена или електронска форма.[7] Министерството за животна средина и просторно планирање е должено во образложението на А- интегрираната еколошка дозвола да наведе кои од мислењата и ставовите доставени од јавноста се земени предвид, а кои не се, како и причините за тоа. На барање на засегнатата јавност, инвеститорот е должен да организира јавна расправа во рок од десет дена по истекот на рокот од 30 дена за доставување мислења и ставови. Министерството за животна средина и просторно планирање издава А-интегрирана еколошка дозвола врз основа на ставовите и мислењата доставени од општините и од другите надлежни органи и од јавноста. А-интегрираната еколошка дозвола се заснова на примена на најдобрите достапни техники. Врз основа на граничните вредности на емисиите утврдени во А-интегрираната еколошка дозвола, преку примената на најдобрите достапни техники и согласно локалните географски и хидрометеоролошки услови, операторот е должен да ги задоволи стандардите за квалитет на животната средина и да го спречи или да го намали, до најмала можна мера, влијанието на инсталацијата врз животната средина, вклучувјаќи го и прекуграничното влијание. Нацртот на А-интегрираната еколошка дозвола се објавува за јавноста на начин пропишан од страна на министерот за животна средина и просторно планирање. Јавноста може да ги достави своите забелешки во рок од 14 дена од објавувањето на нацртот на дозволата.

6 Закон за животна средина, „Службен весник на РМ" 53/2005, ... и „Службен весник на РСМ" 89/2022 и 171/2022, глава XII Интегрирани еколошки дозволи за работење на инсталациите коишто влијаат врз животната средина

7 Закон за животна средина, „Службен весник на РМ" 53/2005, ... и „Службен весник на РСМ" 89/2022 и 171/2022, XII Интегрирани еколошки дозволи за работење на инсталациите коишто влијаат врз животната средина

На барање на јавноста, операторот е должен да организира јавна расправа за Нацрт А-интегрираната еколошка дозвола. **Министерството за животна средина и просторно планирање донесува решение со кое се издава А-интегрирана еколошка дозвола, кое се објавува на интернет-страницата на Министерството и во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на РСМ. Жалба против решението за издавање А-интегрирана еколошка дозвола може да се поднесе од страна на засегнати правни и физички лица, како и од здруженија на граѓани основани заради унапредување и заштита на животната средина, во рок од 15 дена од објавувањето на решението.**[8]



8 Видео 6: Издавање на интегрирани еколошки дозволи и учество на јавноста во процесот на издавање на дозволите, Февруари 2023 година, МЗМП, Скопје

# ДОЗВОЛА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ СО ОПЕРАТИВЕН ПЛАН

Операторите на инсталациите што согласно ЗЖС се дефинирани како постојни, односно кои започнале со работа пред 1.7.2007 година, е предвидено да обезбедат ДУОП, како услов за продолжување, односно започнување со работа на инсталацијата, до исполнување на условите за добивање ИЕД. Или доколку операторот на инсталацијата што започнува со работа пред 31 декември 2009 година одлучил да поднесе барање за ДОУП, во тој случај важат одредбите од ЗЖС што се однесуваат на ДОУП, до исполнување услови за добивање на потребната ИЕД. Оперативниот план кој е составен дел на дозволата содржи мерки, решенија и рокови за постигнување на условите за добивање на ИЕД. Поединечниот рок за реализација на секоја активност е утврден за секоја инсталација посебно, според влијанието врз животната средина, емисиите и обемот на емисиите од секоја инсталација, финансиската можност за реализација на оперативниот план, бројот и структурата на вработените, локацијата и местоположбата на инсталацијата и техничката опременост на инсталацијата. Реализацијата на оперативниот план се утврдува по одделни фази, кои треба да се исполнат во период не подолг од 12 месеци, но не подоцна од 1.4.2014 година. По исклучок, согласно ЗЖС, Владата на РСМ може да утврди дополнителен рок за поединечната постојна инсталација кој не може да биде подолг од 1.4.2019 година.

Државниот завод за ревизија за 2017 година со извршената ревизија на утврдувањето, наплатата и користењето на надоместоците што се должни да ги намируваат операторите на инсталациите што имаат влијание на животната средина, утврди[9] дека голем број оператори на инсталации не го запазиле законскиот рок за реализација на оперативните планови и премин од ДУОП во ИЕД, што влијае на квалитетот на животната средина и на приходите на министерството.

Постапката за добивање ДУОП[10] започнува со доставување барање за добивање ДУОП заедно со предлогот на оперативниот план, до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, кога се работи за инсталација за која е потребна А-интегрирана еколошка дозвола, односно за Б-интегрирана еколошка дозвола за инсталација во заштитено подрачје и до градоначалникот на општината, односно градоначалникот на градот Скопје, кога се работи за инсталација за која е потребна Б-интегрирана еколошка дозвола.

9 Конечен извештај на овластениот државен ревизор бр.16-209/8 од 02.04.2018 година

10 Закон за животна средина, „Службен весник на РМ“ 53/2005, ... и „Службен весник на РСМ“ 89/2022 и 171/2022, XIV Дозволи за усогласување со оперативни планови

Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје се должни барањето за добивање на ДУОП со предлогот на оперативниот план да го објават во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на РСМ и на нивните веб-страници, во рок од седум дена од денот на приемот на комплетното барање, со информации каде што јавноста може да има пристап до него за да го разгледа во целост и/или да даде мислење. Објавата на барањето е на трошок на барателот на дозволата. Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје, можат да организираат јавна расправа во рок не подолг од 25 дена од денот на објавувањето на комплетното барање. Засегнатата јавност, во рок од 30 дена од денот на објавувањето на комплетното барање, има право да достави мислења и коментари до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, односно до градоначалникот на општината или градоначалникот на градот Скопје. По исклучок, надлежниот орган за издавање на дозволата е должен да организира јавна расправа, кога до него е доставено барање за одржување јавна расправа во рок од 20 дена од денот на објавувањето на барањето: од страна на најмалку едно здружение на граѓани за заштита и унапредување на животната средина, од страна на најмалку еден субјект од засегната јавност и доколку тоа го барале градоначалникот на општината и/или градоначалникот на општините во градот Скопје, и/или градоначалникот на градот Скопје во случај на издавање дозволи за усогласување со оперативен план за А-интегрирани еколошки дозволи и Б -интегрирани еколошки дозволи.



# ДУОП И ПРИСТАПОТ ДО ПРАВДА

Согласно предвидените законски одредби при издавање на ДУОП, учество на јавноста е делумно предвидено и запазено начело во постапката, додека пристапот до правда директно не се овозможува со одредбите опфатени во глава XIV Дозволи за усогласување со оперативни планови.[11, 12] Законот изрично не регулира дека ДУОП се издава со решение, но во членот 134 став 2 уредува дека доколку не е регулирано поинаку, во постапката за добивање на ДУОП соодветно се применуваат одредбите од Главата XII (главата што го регулира издавањето на А-ИЕД).

Членовите што се однесуваат на ДУОП, воопшто не го регулираат прашањето за издавањето на ДУОП. Во постапката за добивање дозвола, издавањето на дозволата е завршниот чин, но сепак истиот е составен дел од постапката за добивање на ДУОП. Оттука, имајќи го предвид членот 134 став 2 од ЗЖС vis a vis фактот дека издавањето на ДУОП не е поинаку регулирано во соодветните одредби што ги регулираат овие дозволи, издавањето на ДУОП мора да се врши согласно членот 108 од ЗЖС, односно дека „се донесува решение со кое се издава" ДУОП.

Во прилог на ваквото толкување на ЗЖС се и одредбите од Архуската конвенција, поконкретно членот 9 став 2, кој во суштина вели дека јавноста мора да има право на пристап до правда во случаите кога ѝ е повредено правото на учество во донесувањето одлуки. Од претходно цитираните одредби произлегува дека е предвидено учество на јавноста при донесувањето на ДУОП, но сепак правото на жалба, односно пристапот до правда на јавноста не е изрично никаде регулиран. Имајќи ја предвид Архуската конвенција, неосновано би било тврдењето дека јавноста не треба да има пристап до правда при издавањето на ДУОП. Токму поради ова, и законодавецот ја вовел одредбата 134 став 2 преку која за ДУОП се применливи сите други одредби што инаку ги регулираат АИЕД, па оттука дотолку повеќе е применлив членот 108 од ЗЖС, кој освен издавањето решение го регулира и правото на жалба на јавноста, односно пристапот до правда.

Логичен заклучок од сето претходно наведено е дека законодавецот предвидел механизам за начин на издавање на ДУОП и пристап до правда, односно дека издавањето на ДУОП се врши со решение, на кое јавноста има право на жалба во рок од 15 дена од неговото објавување.

11 Членот 136 од Законот за животната средина ја опишува постапката за учество на јавноста при креирањето на самата дозвола. Закон за животна средина, „Службен весник на РМ" 53/2005, ... и „Службен весник на РСМ" 89/2022 и 171/2022, член 136

12 Во член 140 од Законот за животната средина е предвидено дека во рок од десет дена од денот на издавањето на дозволата за усогласување со оперативен план, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје се должни во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на РСМ и на својата веб страница, да објават дека е издадена ДУОП, со информации каде што може да се добие на увид дозволата заедно со оперативниот план. Објавата во дневниот весник е на трошок на барателот на дозволата. Закон за животна средина, „Службен весник на РМ" 53/2005, ... и „Службен весник на РСМ" 89/2022 и 171/2022, член 140

Сепак, во практиката не се носи решение за издавање на ДУОП. Согласно информациите добиени преку слободен пристап до информации од јавен карактер,[13] РЕК Битола поседува ДУОП, но според МЖСПП, за неа воопшто не е потребно да се издаде решение. На веб-страницата на Министерството за животна средина и просторно планирање е прикачен записникот од Јавната расправа одржана на 10.1.2020, а согласно прописите актите за кои се одржува Јавна расправа се објавуваат најдоцна пет дена пред јавната расправа. Од ова јасно се заклучува дека одредбите од ЗЖС во однос на постапката за ДУОП се толкуваат рестриктивно.

Ваквото рестриктивно толкување и примена на законските одредби е неправилно и, пред сè, штети на правото на пристап до правда, а посредно може да доведе и до штета на животната средина. Недонесувањето на управен акт значи дека јавноста нема на што да вложи жалба. Поради тоа на јавноста ѝ се оневозможува директно да ја оспори содржината на ДУОП, но и да го заштити своето право на учество во донесувањето на одлуката, кое инаку е регулирано и со ЗЖС и со одредбите на Архуската конвенција.

Комитетот на Архуската конвенција наоѓа дека преку одбивање да се обезбеди текстот на одлуката заедно со образложението на кое се заснова и преку непосочување на начинот на кој лицето можело да има пристап до неа, државата ги прекршила своите обврски од вториот дел од членот 6 став 9 од Конвенцијата.[14] Државата му укажала на Комитетот дека иако одлуките не биле објавени, до нив можело да се пристапи преку електронска дата-база. Сепак, Комитетот смета дека таквиот пристап не го задоволува барањето од членот 6 став 9 од Конвенцијата за навремено информирање на јавноста за донесената одлука.[15] Комитетот укажува дека Конвенцијата не бара самата одлука да биде објавена, туку бара јавноста да биде информирана за донесената одлука и да има пристап до одлуката заедно со образложението на кое се заснова.[16] Правото на Белорусија не предвидува јасна обврска за информирање на јавноста за издавањето на заклучоците за експертизата и можноста да имаат пристап до текстот на заклучоците заедно со образложението на кои се засноваат. Комитетот смета дека правото на Белорусија не е во согласност со барањата од членот 6 став 9 од Конвенцијата, поконкретно поради невоспоставување соодветна процедура за навремено известување на јавноста за заклучоците за експертизата за животната средина и поради невоспоставување соодветен систем за јавен пристап до таквите заклучоци.[17,18]

Цитираните ставови на Комитетот на Архуската конвенција утврдуваат обврска на државата да ја информира јавноста за одлуката што ја донела, а во чиј процес на донесување учествувала јавноста. РСМ одлучила дека оваа своја обврска ќе ја исполни преку објавување на самото решение со кое е донесена дозволата. Оттука необјавувањето на решението, би можело да се каже дека е спротивно на одредбите од Архуската конвенција.

13 МЗМП на 27.1.2023 поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактр поврзано со тоа: Дали и каков тип на интегрирана еколошка дозвола поседува РЕК Битола, дали и каде е објавено решението за интегрираната еколошка дозвола. Одговор беше испратен по е-маил од страна на ЕСМ – Подружница Рек Битола на 16.3.2023.

14 Украина ACCC/C/2004/3 and ACCC/S/2004/1; ECE/MP.PP/C.1/2005/2/Add.3, 14 март 2005, параграф 35

15 Ерменија ACCC/C/2004/8; ECE/MP.PP/C.1/2006/2/Add.1, 10 мај 2006, параграф 31

16 Литванија ACCC/2006/16; ECE/MP.PP/2008/5/Add.6, 4 април 2008, параграф 81

17 Белорусија ACCC/C/2009/37; ECE/MP.PP/2011/11/Add.2, 12 мај 2011, параграф 98

18 Бојан Трпевски, 2024, Зошто имаме предизвик во обезбедување суштинско учество на јавноста во одлуките поврзани со животната средина?, МЗМП, Скопје

Гледано од аспект на одредбите на Архуската конвенција, дури и да се објавело решението во делот Сервиси -> Интегрирано спречување и контрола на загадувањето -> досие на соодветната инсталација, сепак повторно би се поставило прашањето дали тоа е во согласност со одредбите од Конвенцијата. Аргументот за последното е фактот што дури и решението да било објавено во овој дел, тој е релативно непознат за генералната јавност (на пример, на јавната расправа за АДУОП за РЕК Битола учествувале и граѓани,[19] кои очекувано не се во голем степен запознаени со тоа во кои делови од интернет-страницата на МЖСПП се објавуваат какви документи), па во недостаток на соопштение на почетниот дел од интернет-страницата на МЖСПП, каде што јасно јавноста ќе биде информирана за донесената дозвола, се наметнува како прашање дали јавноста ефикасно била информирана за донесената одлука.

Од друга страна, доколку се погледне веб-страницата на Минитерството за животна средина и просторно планирање, може да се констатира дека недостасува ажурно истакнување на информациите и објавување на решенијата и за А–интегрираните еколошки дозволи.[20] Со необјавувањето на решението за А-ИЕД, на засегнатата јавност единствено ѝ преостанува управниот акт што може да го оспори, да го добие преку правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Но, мора да се потенцира дека ова се смета за отежнат пристап до правда и, дополнително, прашање е дали е реално остварлив. По добивање на решението може да се утврди дека тоа е донесено одамна, па по поднесување на жалбата за него, прашање е како органот ќе ги цени процесните рокови и дали ќе ја уважи жалбата како навремена.

Жалбата претставува гаранција за донесување на законита одлука. Имено, ако не постои жалбата, органите на администрацијата, секако, низ еден подолг временски период, би почнале да се однесуваат незаконито и своите одлуки би можеле да ги донесуваат и против законот. Вака, кога постои второстепен орган (орган што ќе го контролира првостепениот), кој има право да му го поништи, укине или измени актот, првостепениот орган тоа секогаш ќе го има предвид при донесувањето на решението, поопстојно ќе го разгледа законот и ќе настојува што поточно и пообјективно да го примени. На тој начин ова право на жалба ѝ дава можност на странката да издејствува законска одлука и ако смета дека законот е повреден, да може со својата жалба кај второстепениот административен орган да докажува дека неправилно е применет некој закон.[21]

19 Записник од јавна расправа за Нацрт АДУОП за РЕК Битола: https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2020/06/Zapisnik_Javna-Rasprava_REK-Bitola.pdf

20 На веб страницата на Министерството за животна средина и просторно планирање, во полето „Интегрирано спречување и контрола на загадувањето" во делот „Издадени интегрирани еколошки дозволи во РСМ" се објавуваат сите досиеа на оператори со издадени А-интегрирани еколошки дозволи и истовремено сите кои со ДУОП. Видно од документите во досиеата на операторите е дека изостанува Решението за ИЕД.

21 Борче Давитковски и Ана Павловска – Данева, Административно право – процесно право, 2020, Универзитер „Св. Кирил и Методиј", Скопје, стр.23

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

- Законот за животната средина мора да се спроведува правилно и заради целите за кој е донесен.

- Неносењето решение со кое се издава ДУОП значи оневозможување на засегнатата јавност да поднесе жалба и реално да го оствари својот пристап до правда, што е спротивно на Архуската конвенција. Секаде каде што е законски предвидено мора да се носат и објавуваат решенија. Во спротивно, се отежнува пристапот до правда и владеењето на правото.

- Потребно е да се применува членот 134 од ЗЖС и сите работи што не се уредени во поглед на постапката за добивање ДУОП, соодветно да се применуваат одредбите за А-иИнтегрирани еколошки дозволи, вклучувајќи и носење решение и негово објавување со цел да се овозможи пристап до постапка и финално пристап до правда на засегнатата јавност.

- Со одржувањето на постојната пракса и неносењето решение кое може да се обжали, постапката за ДУОП е поставена како забрзана верзија во споредба со таа за добивање А-интегрирани еколошки дозволи. Со тоа не само што сѐ уште се носат дозволи за усогласување со оперативни планови за инсталациите за кои роковите за усогласување се веќе одамна изминати и треба да преминат во инсталации што ќе работат со А-интегирани еколошки дозволи, туку и дополнително на јавноста не ѝ се даваат доволно информации, ниту можност таа правно да го изрази своето несогласување или да предочи одредени неправилности кои може значително да влијаат врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

- Потребно е редовно објавување на целосната документација за инсталациите на веб-страницата на Министерството за животна средина согласно законските одредби, вклучувајќи ги и решенијата за А-ИЕД и ДУОП.

- Земајќи го предвид „привремениот“ карактер на ДУОП се јавува потреба да се потенцира дека заклучоците што произлегуваат од овој документ и препораките во однос на истиот се апликабилни за сите постапки во областа на животната средина и пристапот до правда во нив. РСМ има обврска да овозможува пристап до правда на засегнатата јавност во постапките од областа на животната средина, што подразбира дека треба:

    - да ја запазува управната постапка;
    - да носи управен акти;
    - редовно и навремено да овозможува пристап на јавноста до содржината на управниот акт;
    - да обезбеди можност актот да биде оспорен од засегнатата јавност.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Трајче Стафилов, јули 2016, Извештај од извршеното истражување за загадувањето со тешки метали и радиоактивноста предизвикани од РЕК Битола, спроведено преку примероци од почва, мов и пепел од подрачјето околу РЕК Битола, „Еко-свест“, Скопје

- Инвестициски план за забрзана транзиција од јаглен на Република Северна Македонија

- Закон за животна средина, „Службен весник на РМ“ 53/2005, 81/2005, 79/2006, 101/2006, 109/2006, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 1/2010, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 187/2013, 42/2014, 44/2015,, 129/2015, 192/2015, 39/2016, 28/2018, 65/2018, 99/2018 и „Службен весник на РСМ“ 89/2022 и 171/2022

- Конвенција за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правдата за прашањата поврзани со животната средина

- Видео 6: Издавање интегрирани еколошки дозволи и учество на јавноста во процесот на издавање на дозволите, февруари 2023 година, МЗМП, Скопје

- Конечен извештај на овластениот државен ревизор бр.16-209/8 од 2.4.2018 година

- Украина ACCC/C/2004/3 and ACCC/S/2004/1; ECE/MP.PP/C.1/2005/2/Add.3, 14 март 2005, параграф 35

- Ерменија ACCC/C/2004/8; ECE/MP.PP/C.1/2006/2/Add.1, 10 мај 2006, параграф 31

- Литванија ACCC/2006/16; ECE/MP.PP/2008/5/Add.6, 4 април 2008, параграф 81

- Белорусија ACCC/C/2009/37; ECE/MP.PP/2011/11/Add.2, 12 мај 2011, параграф 98

- Бојан Трпевски, 2024, Зошто имаме предизвик во обезбедување суштинско учество на јавноста во одлуките поврзани со животната средина?, МЗМП, Скопје

- Записник од јавна расправа за Нацрт АДУОП за РЕК Битола: https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2020/06/Zapisnik_Javna-Rasprava_REK-Bitola.pdf

- Борче Давитковски и Ана Павловска–Данева, Административно право – процесно право, 2020, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје